ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 05.03.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски – заменуван од Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Дадена е информација во врска со тековните работи на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Дадено е задолжение за подготовка на апликација за изградба на Старечки Дом.

Дадена е информација во врска со зимското одржување.

Дадено е задолжение за иницирање и одржување на состанок на Кризен штаб, изготвување на програма и пополнување на универзалната единица во рамки на просторните сили.

Дадена е информација во врска со поднесени барања за санација и изградба на потпорни ѕидови, со задолжение да се формира тим од градежни работници во соработка со ЈП Комуналец, кој ќе работи само на оваа проблематика.

Дадено е задолжение за поставување на улично осветлување на три локации на потегот кон м.в.Ловачки.

Дадено е задолжение за итна и неодложна интервенција со поставување на ограда и мрежа на 3 (три) ризични кривини на потегот од Манасатирот Свети Јоаким Осоговски до локалитетот Калин Камен, како и итно и неодложно тампонирање на одредени локации во м.в.Цонев рид, Лозаново, Конопница и ул.„Гоце Делчев“.

Дадено е задолжение за подготовка на согледување на вкупен број на слободни паркинг места долж главната улица и разгледување на можноста за воведување на зонско паркирање.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на одделение.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Дадена е информација во врска со претстојниот попис на станбени згради и други објекти за домување на подрачјето на Општина Крива Паланка во соработка со „Хабитат“.

Дадена е информација во врска со подготовката на нова листа за опфат на улици за наредната седница на Советот на Општина Крива Паланка закажана за 14.03.2018 година.

Дадена е информација во врска со 8 (осум) добиени и веќе пуштени во системот одобренија за градба (поврзани со проекти за енергетска ефикасност).

Нотиран е проблемот со паркирањето во непосредна близина на УСО Ѓорче Петров – Крива Паланка и наметната е потребата од негово неопходно решавање.

Дадена е информација во врска со поставен И-Терминал (Е-КАТ) во Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Дадено е задолжение за стапување во контакт со соодветна фирма за добивање на донација на нов надграден софтвер за ГИС и бесплатна обука на 3 (три) лица за работа со истиот.

Дадено е задолжение, да се испита можноста за распишување на јавен повик за доделување на лиценци на заинтересирани лица за спроведување на линиски превоз на 4 (четири) линии на подрачјето на Крива Паланка.

Дадено е задолжение за изготвување на идејни решенија за изградба и поставување на автобуски стојалишта.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Дадена е информација во врска со подготовката на определени сугестии во поглед на Законот за градење, Законот за градежно земјиште и Законот за просторно и урбанистичко планирање, а во рамките на работната група формирана за таа намена.

Дадена е информација во врска со пензионирањето на еден вработен во општинската администрација – Раководителот на одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Дадено е задолжение да се изготви решение за назначување на ВД Директор на ЈП „Калин Камен“ - Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со поднесени информации до Владата на Република Македонија.

Дадена е информација во врска со постоечки проблеми во рамки на постапката за експропријација, со цел изградба и реконструирање на тротоари во урбаното градско подрачје.

Дадено е задолжение за подготовка и распишување на интерен оглас за спроведување на постапка за унапредување на еден вработен на позицијата Раководител на одделение за финансиски прашања.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за правни и општи работи**

Дадено е задолжение до Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска да ги подготови материјалите за седницата на Советот, закажана за 14.03.2018 година, со нотирана обврска до секое одделение да ги доставува своите материјали за Совет најдоцна 3 (три) дена пред одржување на закажаната координација.

Дадена е информација во врска со тековната достава на акти.

Дадена е информација во врска со тековни постапки за јавни набавки.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Дадена е информација во врска со претстојна посета на делегација од Дупница, Република Бугарија, како дел од соработката за избор и аплицирање на проекти од програмата за прекугранична соработка со Бугарија.

Дадено е задолжение за подготовка на комплетен проект за регулација на Дурачка Река и за еко патека кон Бабин Дол, како и за поднесување на апликација за изработка на проектна документација за проектите Станечки водопади и патека до лок.Влашки колиби, до Бирото за регионален развој, а најдоцна до 06.03.2018 година.

Даден е краток извештај за организацијата и одржувањето на традиционалниот настан „Невестинско поклонение 2018“.

Дадено е задолжение до ова одделение за подготовка и организација на конститутивната седница на Советот на млади на Општина Крива Паланка, организација на конститутивна средба и формирање на Асоцијација на стопанственици на подрачјето на Крива Паланка, како и закажување и организација на конститутивни средби на членовите на УО и НО на ЈП Калин Камен – Крива Паланка.

Дадено е задолжение за формирање на Комисија за разгледување на апликациите за доделување на средства за НВО, во чиј состав да бидат Антонио Давитковски, Лидија Митовска и Мартин Николовски.

Дадена е информација во врска со постапката за пријавување на студенти за користење на субвенциониран превоз и вкупниот број на пријавени студенти.

Дадена е информација за други тековни активности од делокругот на ова одделение.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Дадена е информација во врска со тековни активности во делот на отстранување на хаварисани возила, изнаоѓање начини за отстранување на приколки на тешки товарни возила на локацијата кај поранешната фабрика Карпош и изнаоѓање на соодветна локација за нивно дислоцирање, информација во врска со постапката за отстранување на бараките зад MY MARKET и бараките на локацијата на стариот зелен пазар, како и информации за други тековни активности од делокругот на ова одделение.

Наметната е потребата од неопходно и интервентно чистење на атмосферската канализација на ул.„Осоговска“ и поставување на заштитна решетка.

Даден е предлог за олеснување на доставата на актите преку додавање во истите на определени релевантни податоци за самите обврзници од кои да може да се изврши точна идентификација на истите.

Дадено е задолжение за изготвување на Програма за благосостојба на животни скитници и истата да биде ставена на дневен ред на седницата на Советот закажана за 14.03.2018 година.

Дадено е задолжение за изготвување на план за реализација на Еколошка акција на ден 17.03.2018 година во која ќе учествуваат учениците во ООУ, СОУ, вработените во општинската администрација, ЈП Комуналец и активисти од граѓански здруженија.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Дадена е информација во врска со зимско одржување.

Дадена е информација во врска со собирање на смет во урбаното градско подрачје.

Дадено е задолжение за согледување на постапката и давање на потребната советодавна помош за решавање на ситуација поврзана со тековната состојба и постапката за бришење на основач во Централниот регистар на Република Македонија.

Дадена е информација во врска со изнаоѓањето на соодветни локации за поставување на контејнери за отпад и разгледување на можности за подземно решение на поставувањето на садови за отпад на определени локации.

Дадено е задолжение за отпочнување со неопходни подготвителни активности за оплеменување на просторот на локалитетот Пенди Вир и поставување на урбана опрема, како и изнаоѓање на солуција на кој начин истото да биде реализирано и разгледување на можноста и дополнителна разработка на идеја за паркинг простор на потегот помеѓу ООУ Јоаким Крчовски и Градскиот парк.

Дадено е задолжение за отпочнување со решавање на сите поднесени барања од страна на ЈП Комуналец за легализација на објекти во нивна сопственост, чиј правен статус досега не е утврден.

Дадена е информација во врска со други тековни активности кои произлегуваат од делокругот на ова претпријатие.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Дадена е информација во врска со претстојна работна средба со Министерот за култура на Република Македонија во неговиот кабинет на ден 06.03.2018 година во 10:30 часот.

Дадена е информација во врска со тековни градежни активности поврзани со определени поставки во рамки на ЛУ Градски Музеј и степенот и динамиката на реализација на истите.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**05.03.2018 година, Крива Паланка**